ANIMA MUNDI
Здружение за заштита на животни • Animal Protection Association
Ордан Пиперката 33, 1000 Скопје • Тел: 070 / 234 906
anima.mundi.sk.mk@gmail.com

До Агенција за храна и ветеринарство

Сектор за здравствена заштита на животните

Почитувани,

Ние, здружението за заштита на животни „Анима Мунди„ национална, непрофитна организација за заштита на животни во Р. Македонија; членка на *Европската коалиција за прекин на експерименти врз животни;* членка на *Европската вегетаријанска унија*, како и членка на една од најсилните меѓународни организации за заштита на животните *ОИПА интернешенал –придружник на одделот за јавно информирање во Обединетите Нации,*

Ја поднесуваме следната:

**Претставка за расфрлање отров и труење на домашни миленици** против лицето Трпе Трпев со адреса на живеење на ул. улица, бр. 0/0-0. Имено, на ден 01.01.2019 година, добивме информации дека од страна на лицето Ана Анава, за обид на труење на нејзиното куче, кое било затруено од смртоносен отров преку виршли кои биле расфрлени во нејзиното место на живеење. Сопственичката на кучето ни достави изјава, во која го посочува горенаведениот како сторител на ова дело. Тој, во многу наврати претходно, вербално и се заканувал дека ќе го отруе кучето, забранувал да поминуваат покрај неговиот двор, а бил во близина во моментот кога кучето било затруено, но се обидувал да се скрие.

Овие информации ни се доволни да постои основано сомнение дека горенаведеното лице е сторителот на ова дело. Од Вас бараме да го испитате овој случај и да постапите согласно Законот за заштита и благосостојба на животните, каде се забранува нанесување на непотребна болка врз животните како и нивно убивање спротивно одредбите на овој закон. Исто така, со ова дејствие се прекршува и Кривичниот законик на РМ, каде е пропишано дека расфрлањето на отрови претставува предизвикување на општа опасност за граѓаните на Р.М и е казниво.

Во прилог Ви ги доставуваме изјавата на сопственичката на кучето и потврдата од страна на ветеринар каде е докажано труење со пестициди кај кучето-пациент.

Со почит,

Здружение за заштита на животни “Анима Мунди”

Столе Велковски